*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 2 10 март 2008 година Ш т и п | ГОДИНА XLV |
|---|---|---|

29.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ИСАР" - ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП "Исар" - Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-537/4
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

30.

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ИСАР" - ШТИП

1. Од член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП "Исар" - Штип, **се разрешува** Енис Демиров.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-537/3
29 февруари 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

31.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ "Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ"-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом "д-р Панче Караѓозов" - Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-537/6
7 март 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

32.

Врз основа на член 135 став 3 и член 135-б алинеја 3 од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" број 38/91, 46/93, 55/95, 17/97, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06 и 5/07) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ "Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ"-ШТИП

1. Од член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом "д-р Панче Караѓозов" - Штип, **се разрешува** д-р Митко Ристов.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-537/5
29 февруари 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

33.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЧЕТВРТИ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА 2007 ГОДИНА ЗА РАЗДЕЛ 77401-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Четврти квартален извештај за 2007 година за раздел 77401-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-606/2
7 март 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

34.

Врз основа на член 36 точка 11 од Законот за локалнаа самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 точка 26 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЧЕТВРТИ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА 2007 ГОДИНА ЗА РАЗДЕЛ 77401-ОПШТИНА ШТИП

I

Се усвојува Четврти квартален извештај за 2007 година за раздел 77401-Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-606/1
29 февруари 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

35.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ-ПРОШИРУВАЊЕ
## НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП
## ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување-проширување на средствата во буџетот на Општината Штип за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-607/2
7 март 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

36.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ-ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2008 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување-проширување на средствата во буџетот на Општината Штип за 2008 година и тоа на следниот начин:

| **Се зголемуваат приходите на следните потставки**: | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** |
|---|---|---|---|---|---|
| 725939 Други неданочни приходи | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 741114 Пренесен вишок на приходи од прет. година | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **2.000.000** | **50.000** | **0** | **0** | **0** |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки**:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **N1 Основно образование** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 886.802 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 268.675 | | | | |
| 424210 Одржување на згарди | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 394.473 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N2 Средно образование** | | | | | |
| 421240 Течни горива | 450.050 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **2.000.000** | **50.000** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на Општината за 2008 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-607/1
29 февруари 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

37.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-608/2
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

38.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 48 став 2 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП

## I. Општи одредби

Член 1

Со оваа одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Штип, видовите на организационите облици, условите за нивно образување и раководењето со нив.

Член 2

(1) Општинската администрација на Општината Штип (во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и градоначалникот на Општината.

(2) Општинската администрација:

- врши стручни работи за Советот и градоначалникот на Општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно унапредување и решавање на проблемите;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон; и
- врши и други работи утврдени со оваа одлука.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на Општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

Член 3

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Член 4

(1) Сектор се формира заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на Општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

(2) Одделение се формира заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, инспекциски, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

## II. Организација на општинската администрација

Член 5

Општинската администрација на Општината Штип се организира во следните сектори и одделенија.

1. Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
   - Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
   - Одделение за комунални дејности
2. Сектор за правни, финансиски и општи работи и поддршка на градоначалникот и Советот
   - Одделение за правни и општи работи и поддршка на градоначалникот и Советот
   - Одделение за образование и јавни дејности
   - Одделение за финансии, буџет и локален економски развој
   - Одделение за даноци
3. Одделение за инспекциски работи
4. Одделение за внатрешна ревизија
5. Одделение за заштита и спасување
6. Одделение за човечки ресурси.

## III. Делокруг и начин на извршување на задачите

Член 6

**Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина** ги врши следните работи:

- урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на Одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со

Закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;
- заштита на животната средина и просторот, мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, цивилна и друг вид за заштита;
- следење на состојбите на работите што се однесуваат на комуналната дејност и
- други работи кои ќе му бидат ставени во негова надлежност со акт на Советот и градоначалникот на Општината Штип.

Член 7

**Одделението за урбанизам и заштита на животната средина** ги врши работите што се однесуваат на:
- урбанистичкото планирање;
- уредување на просторот;
- издавање на одобренија за градба на објекти од локално значење;
- донесува мерки за спречување од загадување на животната средина и просторот;
- врши и други работи што ќе му бидат ставени во негова надлежност со акт на Советот и градоначалникот на Општината Штип.

Член 8

**Одделението за комунални дејности** ги врши работите што се однесуваат на следење на состојбите:
- снабдување со вода за пиење;
- одведување на отпадните и атмосферските води;
- одржување на јавната чистота;
- уредување, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водени и рекреативни површини;
- одржување на гробишта и давање на погребни услуги;
- одржување на јавното осветлување;
- вршење на оџачарски услуги;
- одржување на користење на пазари;
- одржување на уличната сообраќајна сигнализација и други сообраќајни инфраструктурни објекти;
- одржување и користење на јавниот простор за паркирање;
- отстранување и чување на непрописно паркирани возила;
- јавен градски, приградски и авто-такси превоз;
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација и
- одржување на јавни санитарни јазли.

Член 9

**Секторот за правни, финансиски и општи работи и поддршка на градоначалникот и Советот** ги врши следните работи:
- подготвува акти за Советот и градоначалникот,
- ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите комисии и други работни тела,
- врши стручни работи за Советот и градоначалникот,

- ракува со документите на Општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија,
- врши информатичко-технички работи,
- се грижи за техничко и функционално одржување на административните простории,
- подготвување и спроведување на буџетот на Општината;
- утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и надоместоците што се приходи на Општината;
- водењето на сметководството;
- врши и други работи врз основа на Законот за буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за даноците на имот, Законот за комунални такси и другите закони и прописи со кои се уредуваат изворите на приходи за Општината;
- водењето на сметководството за буџетите и буџетските корисници и други прашања од областа на финансиското работење,
- врши и други работи врз основа на закон.

Член 10

**Одделението за правни и општи работи и поддршка на градоначалникот и Советот** ги врши следните работи:

- подготвува акти за Советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот како и седниците на неговите комисии и други работни тела;
- врши стручни работи за Советот и градоначалникот;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на градоначалникот, Советот, комисиите и другите работни тела врз основа на закон;
- изготвува акти за потребите на органите на Општината;
- ја застапува Општината пред судот и другите државни органи;
- се грижи за техничкото и функционално одржување на зградата на локалната самоуправа;
- ракува со документите на Општината и ги чува се до нивно уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;
- како и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност со акт на Советот или градоначалникот на Општината Штип.

Член 11

**Одделението за образование и јавни дејности** ги следи состојбите во:

- основното и средното образование во смисла на основање, финансирање и администрирање на основните и средни училишта;
- културата од аспект на институционална и финансиска поддршка на културните институции и проекти од областа на културата;
- детската и социјална заштита;
- спортот во правец на развојот на масовниот спорт и рекреативните активности со организирање на спортски приредби и манифестации и поддршка на спортски сојузи;
- примарната и здравствена заштита;

- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност со акт на Советот или градоначалникот на Општината Штип.

Член 12

**Одделението за финансии, буџет и локален економски развој** ги врши работите поврзани со:

- го изготвува предлог буџетскиот календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на Општината;
- го изготвува буџетот на Општината;
- ги изготвува предлозите за распределба на средствата помеѓу буџетски позиции во текот на буџетската година;
- ја изготвува предлог годишната сметка на буџетот на Општината;
- го изготвува годишниот извештај, чиј составен дел се годишната сметка, извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка;
- го реализира извршувањето на буџетот на Општината;
- во законски утврдениот рок ги подготвува анализите и кварталните извештаи со образложение за извршување на буџетот на Општината, што градоначалникот на Општината ги доставува до Советот на Општината и до Министерството за финансии;
- се грижи за локалниот економски развој на Општината;
- водењето на сметководството;
- врши и други работи врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Член 13

**Одделението за даноци** ги врши следните работи:

- ги утврдува даноците, таксите и надоместоците што се приходи на Општината;
- ја утврдува наплатата на данок на подарок и наследување на имот;
- ја утврдува пазарната вредност на недвижностите во Општината;
- изготвува решение за даночно ослободување;
- води регистар на недвижен имот;
- врши и други работи врз основа на Законот за даноците на имот, Законот за комунални такси и другите закони и прописи со кои се уредуваат изворите на приходи за Општината.

Член 14

**Одделението за инспекциски работи** над вршењето на работите од надлежност на Општината, врз основа на Закон, врши инспекциски надзор во следните области од надлежност на Општината:

- инспекциски надзор од областа на комуналните работи од надлежност на Општината во согласност со Закон;
- инспекциски надзор од областа на примената на Законот за градба во делот на надлежноста на Општината;

- инспекциски надзор од областа на Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градба во делот од надлежност на Општината;
- инспекциски надзор од областа на патниот сообраќај (локални патишта и улици);
- заштита на животната средина и природата, квалитетот на амбиентниот воздух;
- инспекциски надзор на утврдувањето и наплатата на даноците на имот, наплатата на комунални и други такси;
- угостителство-вршители на угостителска дејност од мал обем;
- туристичка дејност-вршители на туристичка дејнсот од мал обем.

Член 15

**Одделението за внатрешна ревизија**:

- врши внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Мнистерството за финансии;
- подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрувањето од градоначалникот на Општината, го обезбедува неговото спроведување и следење;
- доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до градоначалникот и Советот на Општината;
- подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- врши оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на градоначалникот на Општината за намалување на факторите на ризик;
- врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација.
- ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- ја утврдува и оценува usогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на Општината.

Член 16

**Одделението за заштита и спасување** ги врши следните работи:

- изготува локален план за заштита и спасување;
- предлага мерки за заштита и спасување;
- ги спроведува мерките за заштита и спасување;
- врши едукација на кадри во ТППЕ;
- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;

- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на Република Македонија;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општината Штип за тоа;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна заштита;
- тековна поправка и одржување на механиката;
- давање противпожарно обезбедуваање на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;
- едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени.

Член 17

**Одделението за човечки ресурси** ги врши следните работи:

- го спроведува организацискиот надзор на органот;
- обезбедува методолошка, организациска и техничка поддршка при изготвување на систематизацијата на работните места;
- изготвува нацрт-правилник за работните места во Општината;
- изготвува аналитички извештаи;
- планира и изведува обуки за вработените во општинската администрација;
- соработува со Одделението за внатрешна ревизија за планирањето и изведувањето на обуката за внатрешна ревизија.

Член 18

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со Закон.

## IV. Раководење

Член 19

Со општинската администација раководи градоначалникот на Општината.

Член 20

Со сектор раководи раководител на сектор.

Со одделение раководи раководител на одделение.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, го заменува стручен државен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на секторот.

Член 21

Вкупниот број вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на Општината со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општината.

**V. Преодни и завршни одредби**

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање, организација и работа на управните и административните органи на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 6/04 и 12/06).

Член 23

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници.

Број 0701-608/1
29 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

39.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА СОРАБОТКА-ПАРТНЕРСТВО МЕЃУ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ НА ГРАД СТРАЖИЦА, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

I

Се објавува Одлуката за соработка-партнерство меѓу Советот на Општина Штип, Република Македонија и Општинскиот совет на град Стражица, Република Бугарија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-609/2
7 март 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

40.

Врз основа на член 12 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07),Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА СОРАБОТКА-ПАРТНЕРСТВО МЕЃУ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ НА ГРАД СТРАЖИЦА, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Член 1

Советот на Општина Штип, Република Македонија и Општинскиот совет на град Стражица, Република Бугарија се согласни да се востанови соработка-партнерство во следните области:

- активирање на трговско-економските односи;
- заеднички дејности и активности за соработка од типот "луѓе за луѓе";
- развивање на туризмот;
- развој од областа на културата;
- размена на корисни практики помеѓу раководствата на локалната власт;
- учество во заедничките проекти и конкурирање во однос за финансирањето.

Член 2

Советот на Општината Штип го овластува градоначалникот на Општина Штип да склучи спогодба за збратимување со Општина Стражица, Република Бугарија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-609/1
29 февруари 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

41.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА
## ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА
## ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за преотстапување на основни средства патнички возила во сопственост на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-610/2
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

42.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА
## ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА
## ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Општината Штип е сопственик на:

- патничко возило марка застава тип лада-нива 1600 број на шасија XTA2121ooH-o537554, број на моторот 2121-924o84o со рег. број Шт 920-25 и
- патничко возило марка југо корал тип 55 број на шасија BX1145Aoo oo977931, број на моторот 12BAo69 1444298 со рег. број Шт112-130.

Член 2

Општината Штип ги преотстапува основните средства патнички возила опишани во член 1 од оваа Одлука на ЈП "Исар"-Штип без надоместок.

Утврдената вредност по каталог за цени на амортизирани возила:

- **лада нива** - 24.700,00 денари
- **југо корал 55** - 37.000,00 денари.

Член 3

Со стапување во сила на оваа одлука наведените основни средства патнички возила ќе се бришат од пописот и евиденцијата на основни средства на Општината Штип.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Слжбен гласник на Општината Штип"

Број 0701-610/1
29 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

43.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ОД "СПОРТСКИОТ ДЕНАР"

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства од "спортскиот денар".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-611/2
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

44.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
# ОД "СПОРТСКИОТ ДЕНАР"

Член 1

Се доделуваат финансиски средства од "спортскиот денар" на:

1. Здружението на училишен спорт-систем на натпревари-24.600,00 денари.
2. Здружението на граѓани ФК "Брегалница-плави"-Штип за судиски трошкови-13.600,00 денари

Член 2

Средствата од точка 1 и 2 да се уплатат на соодветните сметки на здруженијата по барањата.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-611/1
29 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

45.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-612/2
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

46.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Државниот училишен музички центар "Сергеј Михајлов"-Штип за организирање и одржување на Меморијалниот концерт во чест на проф. Симеон Савев - 15.000,00 денари.
2. ОУ "Гоце Делчев-Штип за втората фаза на Проектот за основното образование ПЕП од УСАИД - 160.000,00 денари.
3. Владимир Тулиев за изработка на комичен сериал во двд формат - 10.000,00 денари.
4. Зоран Штрков за издавање на Прирачник за работа на медицински сестри -техничари во Итната медицинска помош - 10.000,00 денари.
5. Карате клубот "Македонка" за набавка на специјален патос за аеробик и карате - 10.000,00 денари.

Член 2

За активности на Советот на Општината Штип по повод 8-ми март-Денот на жената за печатење на промотивен материјал се доделуваат финансиски средства во износ од 6.000,00 денари.

Член 3

Средствата од член 1 и член 2 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2008 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-612/1<br>
29 февруари 2008 година<br>
Ш т и п

Претседател<br>
на Советот на Општината Штип,<br>
Драги Илиев, с. р.

47.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-613/2
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

48.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип" број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се доделува еднократна парична помош за лекување на Ленче Младеновска во износ од 6.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-613/1
29 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

49.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПЕРИОД 01.04.2007 ДО 30.06.2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период 01.04.2007 до 30.06.2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-615/2
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

50.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локалнаа самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПЕРИОД 01.04.2007 ДО 30.06.2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период 01.04.2007 до 30.06.2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-615/1
29 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

51.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПЕРИОД 01.07.2007 ДО 30.09.2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период 01.07.2007 до 30.09.2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-616/2 | Градоначалник
7 март 2008 година | на Општината Штип,
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

52.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локалнаа самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПЕРИОД 01.07.2007 ДО 30.09.2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период 01.07.2007 до 30.09.2007 година со следните **заклучоци**:

1. Се забранува приклучување на водоснабдителниот и канализациоен систем на Општината Штип на сите објекти кои немат прибавено одобрение за градење.
2. Се известуваат жителите на Општината Штип и Јавното претпријатие дека непочитувањето на оваа забрана ќе биде санкционирана согласно Законот.
3. За надминување на проблемот со наплатата и штедењето на водата од корисниците на улиците "Широк дол", "Радански пат" и "Косовска", т.н

ромско маало (поради социјалниот статус на жителите од тие улици) и сопствениците на бесправните градби да се формира тело во кое ќе се вклучат претставници од ЈП"Исар", невладиниот сектор и локалната самоуправа.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-616/1
29 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

53.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА
## НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за работа на ЈП "Исар"-Штип за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-617/2
7 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

54.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 точка 14, 15, 16, 17 и 18 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 февруари 2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за работа на ЈП "Исар"-Штип за 2008 година со следните **заклучоци**:

1. Од Програмата за работа на ЈП"Исар" за 2008 година да отпадне Програмата за одржување на градскиот стадион ФК "Брегалница" за 2008 година, истата да се преработи и преработената Програма со мислење од Комисијата за спорт да се достави до Советот.
2. Програмата за работа на ЈП"Исар" за 2008 година да се финансира согласно предвидените средства во Буџетот на Општината Штип за 2008 година.
3. Во РЕ "Комунална хигиена", Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Штип за 2008 година, да се дополни со чистење на преминот меѓу населба "Дузлак" и населба "Баби" еднаш во месецот.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-617/1
29 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

55.

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА 2008 ГОДИНА

Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар" е основано од страна на Советот на Општина Штип (11.03.1997 година) заради вршење на стопанска дејност од комуналната област од јавен интерес на територијата на Општина Штип.

Согласно член 7 од Статутот на ЈП "Исар" основни дејности на претпријатиеto се:

- Производство и дистрибуција на вода;
- Пречистување и одведување на отпадните води;
- Уредување и одржување на паркови, зеленило и рекреациони површини;
- Чистење на јавно-прометни површини;
- Изнесување и депонирање на отпадоци;
- Погребни услуги, уредување и одржување на гробишта;

- Одржување и заштита на шуми;
- Други неспомнати комунални услуги.

Јавното претпријатие своите дејности ги извршува преку следниве работни единици:
РЕ "Заеднички служби"
РЕ "Водовод и канализација"
РЕ "Комунална хигиена"
РЕ "Пазар и наплатна служба"
РЕ "Погребна служба"
РЕ "Зеленило и спортски објекти"
РЕ "Бања Кежовица со хемиско чистење"

## П Р О Г Р А М А
## за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2008 година

ЈП "Исар"-Штип преку **РЕ "Водовод и канализација"** ги извршува следниве дејности од јавен интерес: производство и дистрибуција на вода за пиење и одведување на отпадна вода.

РЕ "Водовод и канализација" врши редовно водоснабдување на град Штип и приградските населби Три Чешми и с. Караорман, како и селата Драгоево и Долани.

Одржувањето на овие системи е континуирана активност што ја извршуваат вработените по предходно изработен план.

Оваа работна единица врши оддржување на постоечката главна и секундарна канализациона мрежа во градот и приградска населба Три чешми.

РЕ "Водовод и канализација" извршува и работи кои се сврзани со проектирање, изградба и реконструкција на системот за водоснабдување и на системот за одвод на отпадни води.

Во текот на 2008 година оваа работна единица ги планира следните активности:

**Изработување на инвестиционо - техничка документација**

| | |
|---|---|
| -Изработка на Идеен и Основен за реконструкција на водоводни линии предвидени со Програмата за работа за 2008год. | 60.000,00 |
| -Изработка на Идеен и Основен проект за реконструкција на канализациони линии предвидени со Програмата за работа за 2008год. | 60.000,00 |
| - Изработка на Идеен и Основен проект за водоснабдување на с. Караорман за приклучување на градскиот водоводен систем | 25.000.00 |
| - Изработка на Идеен и Основен проект за покривање на филтер полињата. | 200.000,00 |
| - Изработка на Идеен и Основен проект за покривање на Препупна станица Баби | 60.000,00 |

**Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 405.000,00ден**

## Изградба и реконструкција на водоводни линии и водозафатни објекти

| |
|---|
| - Изведба на два бушени бунари во локалитетот Штипско езеро комплет со пумпи и потребна автоматика со проценета вредност од 1000,000,00ден. |
| - Монтажа на пумпа (постоечки бунар), потребни цевни врски, енергетско напојување и автоматика со проценета вредност од 120.000,00ден |
| - Реконструкција на дел од водоводна линија на ул. Христијан Карпош со должина од околу 150м.(потег од кукен број 58 до 70) со проценета вредност од 450.000,00 ден. |
| - Реконструкција на крак на ул.Радански пат со должина од околу 270м.(потег од кукен број 185 до 195 и 125 до 155) со проценета вредност од 830.000ден. |
| - Реконструкција на крак на ул.г Васил Догаџискиг со должина од околу 200м.со проценета вредност од 700.000,00ден. |
| - Реконструкција на крак на ул.Мирче Ацев со должина од околу 150м. со проценета вредност од 450.000,00 ден |
| - Реконструкција на крак на ул. Вита Поп Јорданова со должина од околу 80м. со проценета вредност од 200.000,00ден |
| - Изведба на линија на ул. Карл Маркс со профил од 90 со должина од 230м со проценета вредност од 690.000,00ден |
| - Изведба на водоводна линија на ул. Железничка (десна страна на пат излез кон Скопје) со должина од 500м со проценета вредност од 500.000,00ден. |
| - Продолжување со реконструкција на водоводна линија на ул. Кежовица до училиштето Искра должина од 500м со проценета вредност од 500.000,00ден. |
| - Реконструкција на дел од водоводната линија на ул. Џемаил Биедиќ со должина од 250м со проценета вредност од 1.100.000,00 ден. |

**Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 6.540.000,00 денари**

**Одржување на објекти и опрема**

| |
|---|
| Санација на објектот вФилтер станицаг во делот за површинска вода хидроио (хидроизолација, платворми, базени за припрема на реагенси, продори и др. градежни работи со проценета вредност од 2000.000,00ден |
| Санација на резервоарот Каракуш (ограда, хидроизолација, белење, антикорозивна а на цевната инсталација и др.) со проценета вредност од 1000.000,00ден |
| Санација на резервоар Блок 85/91(оградување, антикорозивна заштита на инстацевната инсталација ,белење и др. градежни работи) со проценета вредност од 150.000,00ден |
| Покривање (300м2) на главна препумна станица вБабиг со проценета вредност 11.200000,00ден. |
| Сервисирање на опрема во трафостаници од 630КВА во локалитет Штипско езеро, главна препумна станица Баби и Филтер станица со проценета вредност од 5 50.000,00ден |

**Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 4.400.000,00 денари**

## Изградба и реконструкција на канализациони линии

| |
|---|
| - Реконструкција на дел од ул. 4 јули, ул. Васил Главинов (кај АТД ) место Аргач, ул. Сутјеска бр. 175 до 177, ул. 4та македонска бригада, ул. Ѓорче Петров , ул. Пиринска бр. 63 со должина од околу 300 $м^1$ со проценета вредност од 1.200.000,00ден. |

| | |
|---|---|
| - Реконструкција на дел од ул. Мирче Ацев со должина од околу 100м1 со проценета вредност од 400.000,00 ден. | |
| - Реконструкција на ул. Сане Георгиев (врска со ул. 9мај) со должина од околу 140 $м^1$ со проценета вредност 650.000,00 ден. | |
| - Изведба на контролни шахти (невлезни) на ул. 8март во нас, Баби со проценета вредност од 200,000,00ден | |

**Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 2.450.000,00 денари**

Како критериуми за изградба и реконструкција на водоводни и канализациони линии се земени:
- подобрување на квалитетот во водоснабдувањето
- бројот на дефекти или запушувања

Сите претходно наведени активности ќе се финансираат од следните извори:
- средства од Министерство за транспорт и врски (неповратни средства)
- сопствени извори
- други извори

П Р Е Г Л Е Д
**на планирани приходи и расходи**

| **Приходи** | |
|---|---|
| Прих.од вода претп. | 18.365.604,00 |
| Прих.канал.прет. | 7.200.000,00 |
| Прих.од вода дома. | 40.500.000,00 |
| Прих.канал.домак. | 13.500.000,00 |
| Други прихо.раб.ра. | 6.500.000,00 |
| Други приходи | 2.200.000,00 |
| **Вкупно:** | **88.265.604,00** |

| **Расходи** | |
|---|---|
| Потр.материј.и суро. | 4.000.000,00 |
| Пот.елект.енерг. | 18.000.000,00 |
| Потр. горива.и мази. | 2.000.000,00 |
| Потр.рез.делови | 2.000.000,00 |
| Трош.за услуги | 6.200.000,00 |
| Амортизација | 10.000.000,00 |
| Бруто плата | 28.000.000,00 |
| Хран.и друг.тро.вра. | 5.000.000,00 |
| Останати трошоци | 10.000.000,00 |
| **Вкупно:** | **85.200.000,00** |

П Р О Г Р А М А
за одржување на јавна чистотата на подрачјето
на град Штип за 2008 година

Во планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржувањето на чистотата на ЈПП како клучни фактори се земени:

- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на ЈПП (категоризацијата)
- Димензиите, типот и формата на ЈПП (големина)
- Начинот на одржување на јавната чистота
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата.

**Потекло и вид на сметот на јавно сообраќајните површини**

Според начинот на живеење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:
- Густината на населеност
- Градскиот сообраќај
- Станбениот простор
- Културните навики на населението
- Стандардот
- Самодисциплината на граѓаните
- Придржување на позитивните прописи

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на ЈПП начинот и динамиката на одржување на истата.

**1. Секојдневен смет:**

а) Обичен уличен смет:
- кутии од цигари и кибрити,отпадоци од цигари
- искористени билети, хартија од разни пакувања
- останати отпадоци од сличен карактер.

б) Отпадоци од возила кој настануваат при:
- при превоз на разновиден материјал( градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал)
- при товарање и растоварање на разни стоки
- при собирање на домашен смет
- при косење на тревни површини

в) Загадувања од атмосверата
- загадување од чад, прав
- индустриски очаци
- гасовите од моторните возила

г) При интензивно врнење на дождови
- наноси од земја, песок, лисја и др.

**2. Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида
- лисја од дрвата, суви гранки и слично
- песок, згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на ЈПП површини заради намалување на клизавоста кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

**Категоризација на ЈПП за утврдување на редоследот на чистење по денови во месецот**

За изработка на организациониот план за чистење на ЈПП еден од важните фактори е категоризацијата на ЈПП. Категоризацијата на КПП зависи од:

населеноста на градот, распоредот на работните и стамбените објекти, интензитетот на сообраќајот.

Имајќи го во предвид искуството од претходните години ја предлагаме следнава категоризација:

**I. Категорија**

Центарот на градот и трговскиот дел на градот каде улиците, тротоарите, плочниците се со густа фреквенција на движење. Тие ќе се чистат седум пати во неделата вклучувајќи ги и празниците. Работите ќе се изведуваат ноќе.

**II. Категорија**

Густо населени улици и населби со густа фрекфенција на движење. Работите ќе се изведуваат секој работен ден во годината.

Работите од овие две категории ќе се изведуваат и дење и ноќе со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на ноќни мразеви.

Во зимски период кога паѓањата од снег се поголеми од 15см. во колку Штабот за елементарни непогоди нема издадено посебна наредба, работниците кој ја одржуваат чистотата на ЈПП ќе работат во центарот на градот и ќе ги извршуваат следниве работи:

- Отварање на пешачки премини
- Отварање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците
- Целосни чистењеа на мостовите
- Чистење и празнење на уличните корпи

**III. Категорија**

Густо населени улици и населби со послаб градски промет и луѓе. Работите ќе се изведуваат еднаш во неделата.

**IV. Категорија**

Улици од кои се собираат отпадоци со рачни колици после ноќното чистење на истите. Работите ќе се изврдуваат секој работен ден во годината двократно.

**V. Категорија**

Миењето на ЈПП се врши рачно со црево. Работата се извршува еднаш месечно 7 пати во годината по завршувањето на зимските месеци.

**VI. Категорија**

Во оваа категорија спаѓа: изнесувањето на песок, камен, кал, лисја по поројни дождови.

**Повремени работи**

Како повремени работи се јавуваат Пречистување на ЈПП по барање на органите на локалната самоуправа за време на државните празници, по барање на инспекциските служби и друго. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во Програмата за одржување на ЈПП за 2008 година не се предвидени следниве активности:

- Површини кои служат како приоди во колективните стамбени згради.
- Расчистување на диви депонии.
- Слободните површини кои не се наменети за промет на сообраќај.

## I-ва Категорија

Метење на јавни и сообраќајни површини улици, тротоари, плоштади и паркинг плацеви секоја ноќ во годината од 22,00 до 05,00 часот:

| ред. бр | Име на површината | $м^2$ |
|---|---|---|
| 1. | ул."Маршал Тито" од Здравен дом до раскрсницата кај црквата<br>-подлога асфалт | 8.250 |
| 2. | плочник над "Безистен"<br>-подлога мермерни плочки | 2.500 |
| 3. | Плоштад "Слобода"<br>-подлога мермерни плочки | 3.000 |
| 4. | Плоштад "Тошо Арсов"<br>-подлога асфалт | 3.000 |
| 5. | ул "Ванчо Прќе"<br>-подлога асфалт | 8.000 |
